Врз основа на член 41 став 7 и став 8, член 18 став 1 алинеја 3 и член 20 став 1 алинеја 10, член 39 став 1 алинеја 1, член 36, член 37 став 5 и член 40 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), член 15 став 1 алинеја 3 и член 39 став 1 алинеја 10 од Деловникот за работа на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-4351/1 од 29.08.2014 година, согласно Заклучокот на Советот бр.02-5377/4 од 05.12.2017 година, одлучувајќи по Известувањето за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, наш арх.бр.02-378 од 15.09.2017 година (со дополнувања од 16.10.2017 година, од 24.10.2017 година и од 15.11.2017 година), Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на 40-та седница одржана на 05.12.2017 година донесе:

# ОДЛУКА

1. СЕ ЗАБРАНУВА спроведување на промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, и тоа за истапување на правното лице, ЦАБЛЕ 24 ДОО Линц, со ЕМБС FN 345501 s и седиште на АМ ВИНТЕРХАФЕН бр.13, Линц, Австрија, и за пристапување на правното лице, Друштво за услуги, производство и трговија РОБИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ извоз-увоз Штип, со ЕМБС 5409152 и седиште на "Ванчо Прќе" бр.88 Штип, побарана за одобрување од страна на Агенцијата со Известување на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, наш арх. бр.02-378 од 15.09.2017 година (со дополнувања од 16.10.2017 година, од 24.10.2017 година и од 15.11.2017 година), од причина што Агенцијата утврди дека со предложената промена на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17).

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

## Образложение

На 15.09.2017 година, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, со Известување за промена на сопственичка структура наш арх. бр.02-378, ја извести Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за неговата намера да спроведе промена во сопственичката структура, и тоа за истапување на правното лице, ЦАБЛЕ 24 ДОО Линц, со ЕМБС FN 345501 s и седиште на АМ ВИНТЕРХАФЕН бр.13, Линц, Австрија, и за пристапување на правното лице, Друштво за услуги, производство и трговија РОБИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ извоз-увоз Штип, со ЕМБС 5409152 и седиште на "Ванчо Прќе" бр.88 Штип.

Со оглед дека напред цитираното Известување беше некомплетно, Агенцијата на 29.09.2017 година до наведениот радиодифузер достави допис - Информација за некомплетно Известување за промена на сопственичка структура и барање податоци од значење за одлучувањето (наш арх.бр.02-378). Со доставениот допис од страна на Агенцијата беше побарано подносителот да го докомплетира Известувањето за промена на сопственичка струкутра (наш арх. бр.02-378 од 15.09.2017 година), како и дека

согласно член 41 став 10 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, рокот од 30 дена во којшто Агенцијата треба да донесе одлука во врска со Известувањето ќе почне да тече од денот кога во архивата на Агенцијата ќе ја достават потребната документација.

На 16.10.2017 година, Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, до Агенцијата, достави допис – Докомплетирање на Известување за промена на сопственичка структура (наш арх.бр.02-378 од 16.10.2017 година), при што во прилог достави Полномошно бр.УЗП 2854/17 од 18.08.2017 година, Договор за закуп на деловен простор бр.03-111/1 од 30.06.2016 година и бр.03-1476/1 од 04.07.2016 година и Тековна состојба бр.0805-50/150720170005558, со датум и време од 05.10.2017 година, 09:49:49.

Агенцијата со допис (наш арх.бр.02-378 од 19.10.2017 година) – Барање податоци од значење за одлучувањето по Известувањето за промена на сопственичка структура (Ваш бр.03-1140/1 од 13.09.2017 година), од наведениот радиодифузер побара согласно член 41 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во рок од 7 дена од денот на приемот на дописот, во архивата на Агенцијата да достави податоци кои што се од значење за одлучувањето, односно да се изјасни во врска со констатациите во однос на седиштето на правното лице што треба да биде иден сопственик на радиодифузерот, како и во врска со физичкото лице коешто во Тековната состојба од Централниот регистар на Република Македонија е наведено за контакт лице со идниот сопственик на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.

По повод Барањето на Агенцијата, на 24.10.2017 година Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип достави допис - Одговор на барање податоци од значење за одлучување по Известување за промена на сопственичка структура, наш арх. бр.02-378, при што се изјасни дека не постои прекршување на одредбите од членот 39 и членот 36 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

На 35-тата седница на Советот на Агенцијата, одржана на 27.10.2017 година, при разгледувањето на Предлог – одлуката за промена на сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, се утврди потреба да се провери дали физичкото лице [redacted]. За да се испита претходното, а со цел да се утврди дали со спроведувањето на промената на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација, одлучувањето по предлогот на Директорот беше одложено.

Имено, членот 36 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги утврдува дека:

„1) Поврзани лица, во смисла на овој закон, се лицата кои се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување на заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење или при одлучување за програмскиот концепт на радиодифузер.

(2) Како поврзани лица од ставот (1) на овој член особено се сметаат:

- членовите на семејството,
- членовите на семејство на брачниот или вонбрачниот другар,
- лицата кои како иматели на вкупен удел во сопственоста, на акции или на други права во друго лице, учествуваат во управувањето на тоа лице со најмалку 25% од гласачките права,

- лицата кај кои едно исто лице има вкупен удел, акции или други права, врз основа на што учествува во управувањето во секое од тие лица со најмалку 25% од гласачките права,

- поврзаните друштва во смисла на Законот за трговските друштва,

- лицата кои со маркетинг или друг договор, во тримесечен или подолг период во една година остваруваат повеќе од 30% од приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорство и

- лица кои се членови на управниот или надзорниот одбор во радиодифузерот и лицата кои се сметаат за поврзани со членовите на управниот или надзорниот одбор на начин утврден со овој член."

Членот 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Ограничувања за стекнување сопственост) е утврдено дека: „Физичко или правно лице кое е мнозински содружник или мнозински акционер во радиодифузер, како и правно лице со содружник или акционер во радиодифузер неможе да основа, ниту да биде содружник или акционер односно да учествува во сопственоста на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник, новинска агенција, друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски мрежи кои обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми."

Воедно, во членот 39 став 1 од Законот е утврдено дека: „недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како:

- поврзани лица во смисла на одредбите од овој закон,

- оснивачи на други радиодифузери спротивно на одредбите од членот 37 ставови (1), (2), (3) и (4) од овој закон,

- основачи на издавач на печатен медиум кој издава дневен весник што се дистрибуира на подрачјето на кое се емитува радио и/или телевизиската програма;

- оснивачи на новинска агенција и

- оснивачи на друштво за реклама и пропаганда, друштво за истражување на пазарот и јавното мислење, друштво за дистрибуција на аудиовизуелни дела, друштво за филмска продукција или оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми."

Имајќи го предвид напред наведеното, на 08.11.2017 година, Агенцијата со писмен допис (наш арх.бр.02-378) - Барање податоци од значење за одлучувањето по Известувањето за промена на сопственичка струкутра (Ваш бр.03-1140/1 од 13.09.2017 година) до Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, побара во рок од 5 дена од денот на приемот на дописот, во архивата на Агенцијата да достави изјава заверена на нотар од лицето [redacted], односно дали лицето [redacted] од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и доколку лицето [redacted] да достави до Агенцијата објаснување како со тоа не се прекршува член 37 став 5 од овој Закон, имајќи ја предвид нотарски заверената изјава што [redacted] ја има дадено (УЗП бр.8630/2017) и која ја доставила во прилог на Известувањето за промена на сопственичка структура на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип (наш арх.бр.02-378 од 15.09.2017 година).

На 09.11.2017 година со допис – Барање податоци (наш арх.бр.02-5076/1), Агенцијата побара од Управата за водење на матичните книги да и издаде Изводи од

матичната книга [redacted], со цел да утврди дали се совпаѓаат податоците кои се однесуваат на [redacted].

Поради сето ова, на 10.11.2017 година, Агенцијата со писмен допис (наш бр.02-378) – Информација за продолжување на рокот за одлучување по Известувањето за промена на сопственичка струкутра (Ваш бр.03-1140/1 од 13.09.2017 година), го извести Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, дека согласно членот 41 став 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, рокот во кој Агенцијата ќе донесе одлука по доставеното Известување за промена на сопственичката структура на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип (наш бр.02-378 од 15.09.2017 година, комплетирано на 16.10.2017 година), се продолжува за 30 дена, заклучно со 15.12.2017 година.

На 15.11.2017 година, ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип достави допис - Одговор на барање податоци (наш арх.бр.02-378), во којшто лицето [redacted] и наведува дека „...правното лице РОБИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ Штип нема никаква ниту структурална ниту управувачка поврзаност со [redacted]".

На 30.11.2017 година, Управата за водење на матичните книги ги достави во Агенцијата бараните податоци, и од нив е видно дека [redacted].

Согласно член 40 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, постоењето на недозволена медиумска концентрација согласно со Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и постоењето на повреда на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон, ги утврдува Агенцијата.

Во членот 41 став 7 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги е пропишано дека доколку во роковите определени согласно со член 41 став 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, се утврди дека со предложените промени на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно дека истите се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од истиот Закон, Агенцијата ќе донесе одлука во роковите определени согласно со член 41 став 3 и 4 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, со кое ќе го забрани спроведувањето на промената во сопственичката структура.

Следствено на сето погоре наведено, а во однос на предметната предложена промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги постапувајќи согласно своите законски надлежности, утврди дека лицето [redacted] преку целосна контрола врз капиталот и одлуките во наведеното друштво, (доколку Агенцијата ја одобри бараната промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип), ќе влијае директно врз финансирањето, деловното работење и одлучувањето на радиодифузерот Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, со оглед дека [redacted], [redacted], а тоа е лицето [redacted], што доведува до создавање на недозволена медиумска концентрација во смисла на член 39 став 1 алинеја 1, член 36 и член 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17).

Оттука, Агенцијата одлучи да се забрани спроведувањето на промената во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип,

и тоа за истапување на правното лице, ЦАБЛЕ 24 ДОО Линц, со ЕМБС FN 345501 s и седиште на АМ ВИНТЕРХАФЕН бр.13, Линц, Австрија, и за пристапување на правното лице, Друштво за услуги, производство и трговија РОБИ ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ извоз-увоз Штип, со ЕМБС 5409152 и седиште на "Ванчо Прќе" бр.88 Штип, побарана за одобрување од страна на Агенцијата со Известување на ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип, наш арх. бр.02-378 од 15.09.2017 година (со дополнувања од 16.10.2017 година, од 24.10.2017 година и од 15.11.2017 година), од причина што Агенцијата утврди дека со предложената промена на сопственичката структура би се создала недозволена медиумска концентрација во смисла на член 39 став 1 алинеја 1, член 36 и член 37 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17).

Врз основа на сето понапред наведено, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Бр.02-378**
**06.12.2017 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги,**
**Претседател на Совет,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ,с.р.**

Правна поука: Против оваа одлука радиодифузерот, доколку не е задоволен од истата, има право во рок од 30 дена од денот на доставувањето на одлуката да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежниот суд.